## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и член 71 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10 и 123/12), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија**
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 121 од 3 септември 2013 година)**

1. Во Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/12, 50/13 и 63/13), во точка 9 потточка 9.10, по зборот: „место" се додаваат зборовите: „освен при промена на името и/или бројот на улицата врз основа на одлука на надлежен орган".

Потточката 9.11 се брише.

Потточките 9.12, 9.13, 9.14, 9.15, 9.16, 9.17, 9.18, 9.19, 9.20 и 9.21 стануваат потточки 9.11, 9.12, 9.13, 9.14, 9.15, 9.16, 9.17, 9.18, 9.19 и 9.20.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О бр. 02-15/IX-5/2013**
**29 август 2013 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**